ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:17-184/1**

**Дата:** 10.02.2014

**ДО**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст РКЕ), за 2012 година.

Со ревизијата за 2009 година за финансиските извештаи искажано е негативно мислење, додека за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е мислење со резерва.

Ревизијата утврди дека по дадените препораки од извршената ревизија за 2009 година се преземени активности.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2012 година, додека за прашањата во врска со активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај РКЕ за 2012 година е констатирано следното:

- Финансиското управување и контрола во РКЕ не е воспоставено и не се спроведува согласно барањата на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор.
- Актите кои се пропишани согласно Статутот и Законот за енергетика не се целосно донесени.
- За издадените лиценци и промените кои настануваат после нивното издавање не е воспоставена целосна и комплетна евиденција и не се врши целосно следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти.

- Пописот не е извршен на начин пропишан со законските прописи.
- За носителите на лиценци со остварен вкупен приход искажан во годишните сметки доставени до РКЕ и пресметан годишен надоместок по процент за зафаќање од вкупниот приход не се води помошна евиденција.
- За две правни лица не е пресметан и не е наплатен годишен надоместок од остварениот приход од вршење на енергетска дејност.
- На крајот на 2012 година одобрена е исплата на плата за работна успешност на сите вработени во полн износ на начин кој не е во согласност со законските и подзаконските акти.
- Се врши исплата на авторски хонорари за изработка на стручни анализи на вработени која не е во согласност со законските прописи.
- За одделни набавки на стоки и услуги не се спроведени постапки за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата во РКЕ, ревизијата даде препораки за преземање активности за донесување на актите согласно Статутот и Законот за енергетика. Заради усогласување со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, дадена е препорака за измена и дополнување на актот за организација и систематизација на работните места, како и да се спроведува целосен и квалитетен попис. Во врска со лиценците за вршење на енергетска дејност да се воведе целосна евиденција и да се преземат активности за следење и контрола на исполнувањето на обврските по издадената лиценца. Заради целосно и правилно пресметување на приходите од годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност да се врши споредба и усогласување на остварениот вкупен приход на овие субјекти добиени од Централниот регистар со податоците од годишните сметки кои имаат обврска да ги доставуваат до РКЕ.

Во поглавјето 6, системски слабости, ревизијата укажува на различниот начин на финансиско известување односно воспоставената сметководствена рамка за евидентирање на финансиските трансакции  кај регулаторните тела во РМ и РКЕ.

Во поглавјето за нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, точка 7 од ревизорскиот извештај, ревизијата ги обелодени состојбите во врска со судските спорови во кои РКЕ е тужител или тужена странка, а особено судски спорови на поголеми износи во кои РКЕ е тужена странка и за кои до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат.

На 25.12.2013 година, примени се забелешки од Претседателот на Регулаторна комисија за енергетика на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност.

Забелешките не се прифатени од овластениот државен ревизор поради тоа што не се доставани докази кои ќе ги оспорат утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 18 и 19 заедно со ревизија на усогласеност на Регулаторна Комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст РКЕ) кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември (Извештај за финансиската состојба), Биланс на успех за годината која завршува со тој датум (Извештај за добивка или загуба), применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2009 година и е издаден извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на РКЕ во кој е искажано негативно мислење за финансиските извештаи, додека за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е мислење со резерва. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Димитар Петров - Претседател на РКЕ, од 22.06.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на РКЕ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делокруг на ревизијата-ревизорски постапки ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Кај субјектот, не е воспоставен целосен систем на финансиско управување и контрола, не се донесени акти согласно Статутот и Законот за енергетика, извршена е исплата на додатоци на вработените кои не се предвидени со Законот за работни односи, постои нецелосна и некомплетна евиденција за издадените лиценци и промените кои настануваат после нивното издавање, не се врши целосно следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти, не е извршен попис на начин пропишан со законските прописи, не се води помошна евиденција за носителите на лиценци со остварен вкупен приход искажан во годишните сметки доставени до РКЕ и пресметан годишен надоместок по процент за зафаќање од вкупниот приход, не е пресметан и не е наплатен годишен надоместок на домашно правно лице од остварениот приход од вршење на енергетска

дејност од јавен интерес поради неиздадена лиценца, и не е пресметан и не е наплатен годишен надоместок од остварениот приход од вршењето на енергетска дејност на носител на лиценца.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи за 2012 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 27.06. до 25.09.2013 година, кај РКЕ, со прекин во деновите за користење на годишен одмор, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2012 година извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2009 година и изготвен е преглед број 25-70/2 од 01.02.2012 година за статусот на препораките доставен до раководителот на субјектот. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека за истите се преземени активности.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 03.10.2013 година.
На ден 25.12.2013 година Претседателот на РКЕ достави забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година, број 03-1956/2, заведени во Државниот завод за ревизија, под број 17-251/5.
Забелешките не се прифатени од овластениот државен ревизор поради тоа што не се доставани докази кои ќе ги оспорат утврдените состојби.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 Финансиското управување и контрола во РКЕ не е воспоставено и не се спроведува врз основа на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, кои се однесуваат на контролната средина и контроли во работењето на субјектот, поради следното:

- Не е воспоставена внатрешна финансиска контрола (ех-анте и ех-пост контроли) односно не е воведен систем на политики, процедури и активности од одговорното лице. Секторот за административни,

финансиски и општи работи не е дооформен, нема назначено раководител на сектор, а во врска со извршувањето на финансиските работи предвидено е едно работно место - соработник за финансиско-сметководствени и благајнички работи, кое има за задача, покрај другото, да ја води финансиско-сметководствената документација, да изготвува периодични и годишни сметки, да ги евидентира и ликвидира финансиско-сметководствените документи и да ги обавува благајничките работи за РКЕ.

- Не е донесена пишана процедура за текот на движење и начинот на финансиска контрола на документацијата, согласно ЗЈВФК. За водењето на сметководствената евиденција и изготвување на ФИ, донесена е Одлука за примена на сметководствените политики согласно МСФИ/МСС, во јануари 2012, согласно ЗТД.
- Со Правилникот за организација и систематизација на работните места во РКЕ, не е предвидено работно место - внатрешен ревизор, а во изминатиот период и покрај доставените барања до Собрание на РМ, МФ, МП, во текот на 2010 година, за потребата од склучување на договор за ангажирање на внатрешна ревизија од друга надлежна институција, `сеуште не е реализирано.

Поради необезбеден соодветен систем на финансиски менаџмент и контрола постои ризик од погрешно прикажување на податоците во трговските книги и финансиските извештаи, како и ризик од неправилности и недоследности во примена на законските прописи од одговорните лица.

**Препорака**

Одговорните лица во РКЕ да преземат активности за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места, во секторот за административни, финансиски и општи работи, во поглед на поделба на должностите по лица за одобрување, извршување, сметководство и контрола, да се донесат процедури и постапки во финансиското работење и да се обезбеди внатрешен ревизор.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 Во РКЕ не се донесени дел од општите акти кои се предвидени со член 24 од Статутот, донесен во август 2011 година, врз основа на новиот Закон за енергетика, објавен во февруари 2011 година. Рокот за нивно донесување е изминат, а согласно член 26 став 2 од Статутот, до нивното донесување, ќе се применуваат актите донесени врз основа на Статутот, од декември 2003 година.

Имено, до денот на ревизијата во примена се акти донесени во 2003 година, Деловник за работа и Правилник за работни односи, како и во примена е и Правилникот за канцелариско и архивско работење на РКЕ, донесен во 2010

година. До денот на ревизијата не се донесени актите: Етички кодекс за правата и обврските на членовите и вработените во стручните служби, Правилник за финансиско работење и сметководство, Правилник за податоци и документи кои се сметаат за деловна тајна, како и за постапките и мерките за нивно користење и чување, и Правилник за користење на службени и сопствени возила за службени потреби.

Недонесувањето на акти влијае на целокупното работење и функционирање на членовите на РКЕ и вработените со што постои можност од донесување на акти и одлуки кои не се во согласност со законската регулатива во РМ.

**Препорака**

Одговорните лица во РКЕ да ги изготват и донесат актите кои произлегуваат како обврска од Законот за енергетика и Статутот.

4.2.2 Со извршениот увид во интерните акти (правилници за плати, надоместок на плати и други материјални права на вработените во РКЕ, одлука за вредност на бод) врз основа на кои се врши пресметка на плати на вработените во 2012 година, се констатирани следните недоследности:

- При пресметката на платите се применуваат важечките правилници, од септември 2009 и октомври 2012 година, но вредноста на бодот е утврдена со Одлуката, донесена во 2008 година, врз основа на правилникот, кој не во важност. Исто така, при пресметката не е применет концептот на бруто плата, што не е во согласност со Законот за исплата на платите во РМ и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

- Во Правилникот за плата, надоместок на плата и други материјални права на вработените во РКЕ, донесен во октомври 2012 година, утврдено е право на додатоци на плата, и тоа: за образование, положен правосуден испит и додаток за период до пред една година пред пензионирање што не во согласност со член 106 став 4 од ЗРО во кој е утврдено правото на додатоци по друг основ.

**Препораки:**

- РКЕ да донесе Одлука за вредност на бод во бруто износ, согласно новиот концепт на бруто плата и да изврши промена на актите на вработените.
- Членовите на РКЕ да ги укинат додатоците во правилникот за плати кои не се предвидени во Законот за работни односи.

4.2.3 РКЕ нема воспоставено соодветна и комплетна евиденција за издадените лиценци со сите промени кои што се настанати во врска со издадените лиценци, за кој е потребно да се води образец со сите релевантни податоци, во секторите за техничко - енергетски работи за различните области на енергетски дејности (електрична енергија, природен гас, течни горива,

топлинска и геотермална енергија), а во врска со член 57 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности. Секој вршител на енергетска дејност е должен да поседува лиценца издадена од РКЕ, почнувајќи од 2005 година, освен за случаите кои се изземени согласно законот и правилникот.

Во врска со обврската на РКЕ која произлегува од член 58 од наведениот Правилник, а се однесува на објавувањето на веб страната на сите промени кои што се настанати во врска со издадените лиценци, заради обезбедување на транспарентност и јавност, констатирани се одредени недостатоци – грешки во внесените податоци, за кои е потребно е да се извршат корекции.

Со Правилникот за организација и систематизација на работните места, од јули 2012 година, предвиден е сектор за мониторинг на енергетски дејности, кој покрај другото, има обврска да изработи база на податоци за сите носители на лиценци.

**Препораки:**

Одговорните лица во РКЕ да ги преземат следните мерки и активности:

- Да се воведе евиденција (образец со податоци наведени во прилог 4 кон правилникот) на субјектите – носители на лиценци (постојани и времени лиценци) во двата сектори за техничко - енергетски работи од областа на електрична енергија, како и од областа на природен гас, течни горива, топлинска и геотермална енергија, со внесување на сите податоци во самите лиценци, обврските кои произлегуваат од самите лиценци и промените кои настануваат по издавањето на лиценците (менување, продолжување, пренесување, суспендирање, одземање, престанување).
- Да се изработи база на податоци за сите носители на лиценци преку воведување на компјутерски програм - софтвер за лиценци.

4.2.4 Согласно законските и подзаконските акти, со самото добивање на лиценцата по нивно барање, носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности, за кои е потребно поседување на лиценца (постојана или времена), во зависност од видот на енергетската дејност, имаат голем број на обврски согласно законот и подзаконските акти, кои треба да ги исполнуваат, а нивното следење и контрола да го врши РКЕ. Овие обврски кои се содржани во самата лиценца, се однесуваат особено на: доставување на годишни извештаи за финансиското и деловното работење, најдоцна до 10 март во тековната за претходната година, со комплет податоци за набавки и продажби, биланси, превземени мерки во текот на извештајниот период, извршување на програма за ремонти, состојба со кадровска екипираност, извршени инспекциски надзори и контроли, оценка за реализирање на планот за работа, бизнис план; обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност.

Во РКЕ недоволно и нецелосно се врши следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што

произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, а во врска со член 41 став 5 од Законот за енергетика и член 36, 37 и 39 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, за што се задолжени вработените во двата сектора за техничко - енергетски работи во рамките на извршувањето на нивните работни задачи, и секторот за економски работи, согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места.

Во февруари 2011 година, претседателот на РКЕ, донел решение за формирање на две постојани работни групи, со назначен Координатор, за вршење на работите во врска со издавањето на лиценци за вршење на енергетски дејности, како и за следењето на извршувањето на обврските од лиценците, со кое се утврдени работните задачи наведени во 13 точки, со обврска на секои три месеци да доставува писмени извештаи до РКЕ за извршените работи, за тековните и планираните работи и задачи, да ја известува РКЕ за сите факти, појави и настани кои би можеле да имаат негативно влијание врз спроведувањето на постапките со лиценци, а одговорен за ефикасно, квалитетно и навремено извршување на задачите на работната група е Координаторот. Во изминатиот период, од формирањето до денот на ревизија, од страна на работните групи не се изготвувале писмени извештаи за извршени задачи до претседателот и членовите на РКЕ.

Со новиот Правилник, во 2012, предвидено е и формирање на сектор за мониторинг на енергетски пазари, кој покрај другото, има задача да врши мониторинг над спроведувањето на обврските од лиценците.

**Препорака**

РКЕ да преземе мерки и активности за целосно следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

4.2.5 Во РКЕ не е извршен попис и усогласување на состојбите на начин и постапки пропишани во Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, поради следното:

- Пописните листи за постојани средства, се изработени врз основа на помошната евиденција на основни средства, по ист редослед по кој се внесувани средствата при набавката, без податоци за местото на наоѓање и во најголем број на случаи без номенклатурен број на истите, со внесени податоци за количина по книги и по попис при што не се утврдени разлики (кусоци, вишоци). Исто така, средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и сл., не се попишани во посебни пописни листи.

- На ист начин е извршен попис и на ситниот инвентар и автогуми во употреба, односно составени се пописни листи со податоци за назив на инвентарот и автогумите, количина, цена и вредност, според извршените набавки по хронолошки редослед по години, од 2003 до 2012 година.
- Не е извршен попис на нематеријалните средства и на материјалните средства во подготовка со 31.12.2012 година што не е во согласност со член 4, 7 и 11 од Правилникот.
- Пописот на побарувањата и обврските е извршен само врз основа на сметководствените состојби во главната книга и во спецификациите излистани од аналитичките евиденции, без проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи преку соодветна документација.

Со ваквиот начин на работење не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис што не е во согласност со член 473 од Законот за трговските друштва, и може да има влијание на објективноста и реалноста на искажаните состојби во трговските книги и ФИ за 2012 година.

**Препорака**

РКЕ да преземе мерки и активности за квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и обврските, согласно законските прописи.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на успех

4.3.1 РКЕ, во 2012 година, има остварено приход по основ на пресметан годишен надоместок од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности во износ од 62.237 илјади денари, согласно член 34 став 3 и 4 од Законот за енергетика и Одлуката за стапката на надоместок за финансирање на работењето на РКЕ за 2012, која изнесува 0,041% од вкупниот приход. Овој износ се сведува на 46.437 илјади денари, по спроведеното книжење во сметководствената евиденција, врз основа на член 34 став 6 од Законот за енергетика, кој не е применлив за 2011 и 2012 година. Со ревизијата на пресметаниот приход се констатира следното:

- Во сметководството евидентирани се побарувања и приход во вкупен износ од 62.237 илјади денари, врз основа на издадени фактури за пресметан годишен надоместок од носителите на лиценци за енергетска дејност, на база на доставени податоци за остварен приход на субјектите за 2011 година, од Централен регистар на РМ, за што е склучен договор во април 2011 година. Податоците добиени од ЦР може да се користат само со дополнителна контрола и споредба со

податоците со кои располага РКЕ, преку обврската на носителите на лиценци да доставуваат годишни извештаи за финансиско и деловно работење, согласно преземените обврски во самата издадена лиценца. Ова произлегува од член 7 од договорот, во кој е наведено дека податоците внесени во базата на податоци во ЦР се со претпоставена точност и вистинитост, и дека за нивната точност и вистинитост одговара оној кој ги доставил податоците за внес во регистрите, односно се однесува на субјектот – носител на лиценца кој ја доставил Годишната сметка.

- За 2012 година, не е извршена споредба на податоците добиени од ЦР за остварениот вкупен приход за 2011 година по субјекти – носители на лиценци, со податоците за остварен вкупен приход во годишните извештаи за работењето – годишните сметки кои носителите на лиценци имаат обврска да ги доставуваат согласно преземените обврски по издадените лиценци.
- За 2012, во одговорот на ЦР со прегледот за податоци, за дел од субјектите не се доставени податоци, за што ЦР известува дека овие субјекти немаат поднесено годишна сметка за 2011 поради што не располагаат со податок за остварени приходи. Овие субјекти – носители на лиценци не се проверуваат дополнително во РКЕ која е причината за недоставување на годишна сметка (може да биде недоставена или ненавремено доставена годишна сметка од страна на субјектот, или субјектот не работи, не е активен, и сл.)
- Во РКЕ не е донесена постапка и процедура за начинот на фактурирање на надоместокот, начин на наплата, начин на обезбедување, превземање на мерки во случај на ненаплатени побарувања (опомени, тужби), и сл.

Наведените забелешки создаваат ризик од неправилни и ненавремено пресметани приходи од годишен надоместок од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и МСС 18 и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва.

**Препораки:**

Одговорните лица во РКЕ, преку задолжување на секторите, да ги преземат следните мерки и активности:

- Да се воведе помошна евиденција со податоци за носители на лиценци, остварен вкупен приход искажан во годишните сметки доставени до РКЕ и пресметан годишен надоместок по процент за зафаќање од вкупниот приход утврден со Одлука од Собранието на РМ. Податоците за носители на лиценци да се засноваат и редовно и навремено да се усогласуваат со евиденцијата – образец во прилог 4 од правилникот и со базата на податоци – софтвер за издадени лиценци.

- Да се врши споредба и усогласување на податоците за остварен вкупен приход на носителите на лиценци добиени од ЦР со податоците од годишните сметки кои носителите на лиценци имаат обврска да ги доставуваат до РКЕ.
- Да се врши дополнителна анализа и проверка на субјектите – носители на лиценци кои не доставиле годишни сметки во ЦР, како и за податоците за искажан приход на мал износ или нула во годишните сметки.
- Да се донесе постапка и процедура за начинот на фактурирање на надоместокот, начин на наплата, начин на обезбедување, превземање на мерки во случај на ненаплатени побарувања (опомени, тужби), и сл.

4.3.2 Со извршената споредба на субјектите – носители на лиценци внесени во Барањето доставено до ЦР на РМ, одговорот по ова барање од ЦР на РМ со податоци за остварен вкупен приход за 2011 година, и увид во издадените лиценци преку објавените лиценци на веб страната на РКЕ, се констатира следното:

- На домашно правно лице кое врши енергетска дејност од јавен интерес – снабдување со топлинска енергија, со години наназад, не му е издадена лиценца од РКЕ, поради неисполнување на условите и одбиено барање, согласно Правилникот за издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности што не е во согласност со член 5 став 1 од Законот за енергетика, иако овој субјект остварувал приходи од вршењето на енергетската дејност.
- На странско правно лице кој има основано подружница во РМ, издадена му е лиценца за вршење на енергетска дејност – транспорт на сурова нафта или нафтени деривати преку нафтоводи, односно продуктоводи, од 28.04.2011 година, со важност од 35 години. Субјектот е носител на лиценца, меѓутоа од страна на РКЕ не е пресметан годишен надоместок за 2012 година на база на остварен приход во 2011 година, иако остварува приход од вршењето на енергетска дејност. Имено, во Барањето за 2012 година доставено на 19.04.2012 година до ЦР на РМ, внесен е овој субјект, а во одговорот на барањето од ЦР на РМ, од 7.05.2012 година, во колоната за остварен вкупен приход на субјектот за 2011 година искажан е податок „нула“,. До РКЕ, на 16.03.2012 година, носителот на лиценца има доставено податоци за транспортирани количини на сурова нафта или деривати по месеци во текот на 2011 година, искажани во табела – прилог 1, за вкупно 685.754 тони транспортирани преку нафтоводот, и доставен е Годишен извештај за работењето за 2011 година, со остварен вкупен приход од 9.304.000 евра односно во денарска противвредност од 572.196 илјади денари.
- До денот на ревизија овие два случаи не се разгледувани на седница на РКЕ, поради што и не е донесен заклучок за начинот на нивно разрешување.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење на сметководство – МСС 1 и МСС 18, и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва што има за резултат непресметан и ненаплатен приход од годишен надоместок во трговските книги и ФИ.

**Препораки:**

Одговорните лица во РКЕ, преку задолжување на секторите и работните групи, да ги преземат следните мерки и активности:

- Преиспитување на постапката за издавање на лиценца во услови на вршење на енергетска дејност од јавен интерес од домашно правно лице, заради редовно и навремено пресметување на годишен надоместок од остварениот приход од вршењето на енергетска дејност.
- Кај носителот на лиценца да се пресметува редовно и навремено годишен надоместок од остварениот приход од вршењето на енергетска дејност.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1 На крајот на годината донесена е Одлука за исплата на плата за работна успешност за 2012 година, со која се одобрува исплата на плата на сите вработени во висина од 100% од нивната плата во износ од 2.057 илјади денари.

Во правилникот за плати, надоместок на плати и други материјални права на вработените во РКЕ, работната успешност на секој вработен се пресметува во износ зголемен или намален до 10% од основната плата, за определен временски период, во зависност од навременоста, потребниот обем и квалитет во извршувањето на задачите на вработениот.

Од друга страна, во член 34 став 2 од Законот за енергетика, предвидено е дека во предлог - финансискиот план треба да се содржат сите планирани приходи и трошоци, вклучувајќи ги и платите на членовите и вработените на РКЕ, како и надоместоците на членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици. Во финансискиот план за 2012 година, одобрен од Собранието на РМ, трошоците за плата се во рамките на одобрените средства со планот, но во описниот дел не е назначено дека ќе се исплаќа дополнителна плата за работна успешност, односно наведено е дека зголемувањето на ставката за плата се однесува за нововработените лица во 2012 година.

Ваквата состојба на исплата на плата за работна успешност на сите вработени во полн износ што упатува на исплата на дополнителна 13 плата, не е во согласност со горенаведените законски и подзаконски акти и има за ефект ненаменска и незаконска исплата на средства.

**Препорака**

Во наредниот период при исплата на плата за работна успешност, да се применуваат одредбите пропишани со Правилникот за плати, надоместок на плати и други материјални права на вработените во РКЕ.

4.4.2 РКЕ во изминатиот период (2010, 2011, 2012 година) ангажира лица од вработените во РКЕ, во својство на експерти, за изработка на стручни анализи, за што склучува договори преку Авторско правно биро на РМ, под назив авторски дела, и на истите исплатува надоместок за авторско дело, на начин кој не е во согласност со одредбите од Законот за авторско право и сродните права. Имено, со извршениот увид во изработените стручни анализи на различни теми од областа на енергетиката се констатира дека истите не претставуваат авторски дела со договор за нарачка туку единствено може да имаат третман на авторско дело од работен однос. Согласно член 86 од Законот, истото е создадено од работник при исполнување на неговите работни обврски, кои произлегуваат од дадените надлежности на РКЕ согласно член 22 од Законот за енергетика, во делот на носење на прописи и правила на работење за различни енергетски дејности (правилници, тарифни системи, методологии, правила за снабдување со одделни видови на енергенси, мрежни правила за дистрибуција, и сл).

Вкупно исплатени средства по наведениот основ за период од 3 години изнесуваат 6.116 илјади денари, во бруто износ, односно нето износ од 5.356 илјади денари, на вкупно 14 вработени. Поединечниот нето износ по вработен се движи од 250 илјади денари до 545 илјади денари.

Ваквата состојба на исплата на авторски хонорари на вработени не е во согласност со член 12 од Законот за авторско право и сродните права и има за ефект ненаменска и незаконска исплата на средства.

**Препорака**

Во наредниот период при исплата на авторски хонорари целосно да ги почитува одредбите од Законот за авторско право и сродните права.

**Јавни набавки**

4.4.3 Со ревизијата на извршените набавки на стоки и услуги во текот на 2012 година од аспект на почитување на одредбите од ЗЈН, констатирано е следното:

- Во 2012 година за услугата – привремени вработувања за која се потрошени средства во износ од 608 илјади денари, не е спроведена постапка за јавна набавка, иако истите се вклучени и планирани во Годишниот план за јавни набавки, во рамките на услугите за консултантски услуги и услуги за независни експерти, на вкупен износ од 2.296 илјади денари, без ДДВ. Во изминатиот период во РКЕ услугите за привремени вработувања се вршени од страна на агенција за привремени вработувања, за што склучени се договори во 2010, 2011 и 2012 година, без спроведени постапки за јавна набавка, што не е во согласност со член 2, 15, 17 и 100 од ЗЈН.
- Со ревизијата на спроведените постапки за јавна набавка на информатичка опрема (заедно со редизајн на веб страна) во 2012 година констатирано е дека при набавката на опремата (персонални компјутери, монитори, лап

топи, ПС таблети), за што се потрошени средства на вкупна вредност од 613 илјади денари, извршено е делење на набавката односно спроведени се поединечни постапки за јавна набавка со проценета вредност до 5.000 евра, наместо да се спроведе отворена постапка.

Непочитувањето на одредбите од ЗЈН при набавките има за ефект непостоење на конкуренција, нетранспарентност и нееднаков третман на економските оператори што може да доведе до неефикасно и нерационално искористување на средствата на друштвото.

**Препораки:**

- РКЕ, во својство на договорен орган, да ги спроведува постапките за набавка на стоки, услуги и работи предвидени со годишниот план за јавни набавки, согласно ЗЈН.
- РКЕ, при донесувањето на планот за јавни набавки, да врши проценка на вредноста за потребата од набавка на стоки, услуги или работи врз основа на анализа и податоци, усогласени со потребите за периодот за кој се однесува, заради планирање и спроведување на соодветни постапки за јавна набавка.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради изнесените наоди во точките 4.2. и 4.3. кои се однесуваат на недонесени акти согласно Статутот и Законот за енергетика, исплата на додатоци на вработените кои не се предвидени со Законот за работни односи, нецелосна и некомплетна евиденција за издадените лиценци и промените кои настануваат после нивното издавање, нецелосно следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти, неизвршен попис на начин пропишан со законските прописи, непресметан и ненаплатен годишен надоместок на домашно правно лице од остварениот приход од вршење на енергетска дејност од јавен интерес поради неиздадена лиценца, и непресметан и ненаплатен годишен надоместок од остварениот приход од вршењето на енергетска дејност на носител на лиценца, ревизијата се воздржа од изразување на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на РКЕ за 2012 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. од овој извештај ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Регулаторна комисија за енергетика на ден 31 декември 2012 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4 погоре, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Регулаторна комисија за енергетика, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системска слабост

6.1. Ревизијата има потреба да укаже дека регулаторните тела во Република Македонија имаат воспоставено различна рамка на финансиско известување односно водење на сметководствената евиденција.

Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2012 година на РКЕ се изготвени со примена на принципот на пресметковна основа во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) и Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) уредено со Правилникот за водење на сметководство и Законот за трговски друштва.

Согласно член 1 од Законот за сметководството на непрофитните организации, РКЕ како независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со Законот за енергетика, припаѓа во други правни лица основани со посебни прописи. Исто така, согласно член 4 став 3 и 4 од истиот, непрофитните организации водат евиденција за приходите и расходите, изработуваат планови, извештаи и анализи, а податоците во деловните книги треба да им овозможат на надлежните органи планирање и извршување на приходите, изготвување и донесување на финансиските планови и за други цели. Наведеното е во согласност со надлежностите и одговорностите на РКЕ во областа на регулирањето на прашањата поврзани со вршењето на енергетските дејности определени со закон. Исто така, начинот на финансирање е определен и утврден со закон преку поднесување предлог финансиски план на усвојување до Собранието на РМ, со сите планирани приходи и трошоци на РКЕ, при што приходите од годишен надоместок ги остварува врз основа на одобрен и утврден процент со Одлука од Собранието на РМ, што е уредено со член 15, 34 и 35 од Законот за енергетика, што упатува на непрофитна организација. Поради горенаведеното ревизијата препорачува РКЕ да преземе активности за воведување на сметководствена евиденција, согласно Законот за сметководство за непрофитните организации и правилниците, донесени врз основа на овој закон.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

### Судски предмети

7.1. За судските предмети кои се водат преку РКЕ како странка во својство на тужител или тужен, а кои произлегуваат или се поврзани со надлежностите кои ги има РКЕ во своето работење согласно законот, во текот на ревизијата изготвен е преглед од страна на секторот за правни работи, во кој се наведени следните предмети, кои се во тек:

- 6 судски предмети, поднесени пред Управен суд, Скопје, во кои РКЕ е тужена странка, од две правни лица против донесени решенија од Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката на РМ, а по основ на донесени одлуки на РКЕ.
- 2 судски предмети во кои РКЕ е тужител, првата против правно лице – носител на лиценца за снабдување со природен гас за утврдување ништавност на договор, за кој е утврдена вредност на спор од 1.500 илјади денари, и втората, против истото правно лице – носител на лиценца, за основано сомнение за сторен прекршок, за кој не е утврдена вредност на спорот.
- 3 тужби поднесени пред Основен суд Скопје 1, Скопје, од правни лица во кои РКЕ е тужена странка по основ на надомест на штета, од кои едната е решена во корист на РКЕ, а другите две се во тек, и тоа:
- Тужба 15 ТС – 413/12 од 9.10.2012, од тужителот – носител на лиценца за производство на топлинска енергија, за надомест на материјална штета во вредност од 968.861 илјади денари, која е во тек.
- Тужба 14 ТС - 1350/11 од 16.10.2011, од тужителот – носител на лиценца за пренос и управување со природен гас, за надомест на материјална штета во вредност од 200.185 илјади денари, која е во тек, и за која е поднесена жалба пред Апелационен суд од страна на тужителот.

Поради тоа што станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат поради што постои неизвесност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци, кај судските спорови во кои РКЕ е тужена странка.

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2012 ГОДИНА**
**(ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА И ЗАГУБА)**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| Останати приходи | 3.1. | 48,233 | 45,835 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **48,233** | **45,835** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.2. | 1,956 | 2,079 |
| Трошоци за услуги | 3.3. | 11,532 | 11,286 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.4. | 28,903 | 28,442 |
| Трошоци за амортизација | 3.5. | 1,086 | 997 |
| Останати трошоци од работењето | 3.6. | 4,994 | 3,622 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **48,471** | **46,426** |
| Финансиски приходи | 3.7. | 246 | 600 |
| Финансиски расходи | 3.8. | 8 | 9 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | - | - |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**
**(ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА)**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жења | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 136,213 | 131,571 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 7,150 | 3,083 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3. | 15 | 15 |
| Побарувања од вработените | 4.4. | 46 | 0 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.5. | 92 | 285 |
| **Вкупно тековни средства** | | **143,516** | **134,954** |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.6. | 590 | 543 |
| Материјални средства | 4.7. | 10,200 | 2,309 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **10,790** | **2,852** |
| **Вкупна актива** | | **154,306** | **137,806** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | | **0** | **0** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.8. | 389 | 98 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | | 0 | 4 |
| Обврски спрема вработените | 4.9. | 2,058 | 1,607 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | | 0 | 37 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.10 | 151,859 | 136,060 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **154,306** | **137,806** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **154,306** | **137,806** |



1. ________________
2. ________________
3. ________________

________________

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДО:**
**ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул.Македонија 12/3**
**1000 С к о п ј е**
**За Главен државен ревизор**
**Г-ѓа Тања Таневска**

03-1956/2
20.12.2013

**ПРЕДМЕТ: Доставување забелешки по наодите и препораките на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија**

**Врска: Ваш допис бр.17-251/4 од 18.11.2013 година**

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме забелешки по наодите и препораките на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Регулаторна комисија за енергетика на република Македонија за 2012 година.

Со почит,

25.12.2013
17-251/5

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**

Ул. Димитрие Чуповски бр. 2, 4ти спрат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

**Забелешки по наодите и препораките на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија**

Регулаторната комисија за енергетика по разгледувањето на доставениот Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Регулаторна комисија за енергетика за 2012 година, ги изготви следните забелешки и појаснувања за искажаните наоди и препораки во истиот.

**Резиме**

- Овластениот државен ревизор во резимето од Нацрт извештајот констатира дека финансиското управување и контрола во Регулаторната комисија за енергетика не е воспоставено и не се спроведува согласно барањата на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор.
  *Одговор на констатацијата*
  **Регулаторната комисија за енергетика не се согласува со оваа констатација на Овластениот државен ревизор**. Регулаторната комисија за енергетика е независна во своето работење и одлучување во рамките на надлежностите предвидени со Законот за енергетика, а работењето го финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку наплата на надоместок за издавање на лиценци и преку наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за енергетски дејности. Според тоа, Регулаторната комисија за енергетика смета дека не е обврзана финансиското управување и контрола да го воспостави и спроведува согласно на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, односно согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

- Овластениот државен ревизор во резимето констатира дека актите кои се пропишани согласно Статутот и Законот за енергетика не се целосно донесени.

  *Одговор на констатацијата*
  Регулаторната комисија за енергетика веќе постапува по оваа препорака и преземени се активности при што дел од актите се веќе донесени, а еден дел се во фаза на донесување.

- Овластениот државен ревизор во резимето констатира дека за издадените лиценци и промените кои настануваат после нивното издавање не е воспоставена целосна и комплетна евиденција и не се врши целосно следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти.

*Одговор на констатацијата*

**Регулаторната комисија за енергетика не се согласува со оваа констатација на Овластениот државен ревизор**. Регулаторната комисија за енергетика води комплетна и целосна евиденција за сите издадени лиценци, за промените кои настануваат после нивното издавање и врши постојано следење на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти. Регулаторната комисија за енергетика располага со комплетна евиденција во пишана форма и во excel табели за оваа намена, база на податоци која е достапна и на web старната на Регулаторната комисија за енергетика. Истовремено во тек на имплементација е нов компјутерски софтвер.

- Овластениот државен ревизор во резимето констатира дека пописот не е извршен на начин пропишан со законските прописи.

  *Одговор на констатацијата*

  Регулаторната комисија за енергетика укажува дека согласно препораките на Овластениот државен ревизор, спроведе вонреден попис за 2012 година и изврши усогласување на фактичката со сметководствената состојба и при тоа не констатира разлики помеѓу фактичката и сметководствената состојба.

- Овластениот државен ревизор во резимето констатира дека за носителите на лиценци со остварен вкупен приход искажан во годишните сметки доставени до Регулаторната комисија за енергетика и пресметан годишен надоместок по процент за зафаќање од вкупниот приход не се води помошна евиденција.

  *Одговор на констатацијата*

  **Регулаторната комисија за енергетика не се согласува со оваа констатација на Овластениот државен ревизор**. Регулаторната комисија за енергетика води помошна евиденција, врши следење и анализа на приходите на носителите на лиценци, меѓутоа наплатата на надоместокот се врши согласно член 34 од Законот за енергетика, врз основа на податоци добиени од Централен регистар на Република Македонија

- Овластениот државен ревизор во резимето констатира дека за две правни лица не е пресметан и не е наплатен годишен надоместок од остварениот приход од вршење на енергетска дејност

  *Одговор на констатацијата*

  **Регулаторната комисија за енергетика не се согласува со оваа констатација на Овластениот државен ревизор**. Регулаторната комисија за енергетика укажува дека на едното правно лице пресметува надоместок од остварениот приход, а на другото правно лице не може да пресмета надоместок бидејќи неговиот приход е нула, согласно извештајот од Централен регистар на Република Македонија.

- Овластениот државен ревизор во резимето констатира дека на крајот на 2012 година одобрена е исплата на плата за работна успешност на сите вработени во полн износ на начин кој не е во согласност со законските и подзаконските акти.

  *Одговор на констатацијата*

  Регулаторната комисија за енергетика укажува дека во иднина ќе постапува согласно препораката на Државниот завод за ревизија, односно Законот за работни односи и Правилникот за плати, надоместок на плати и други материјални права на вработените во Регулаторната комисија за енергетика.

- Овластениот државен ревизор во резимето констатира дека се врши исплата на авторски хонорари за изработка на стручни анализи на вработени која не е во согласност со законските прописи.

*Одговор на констатацијата*

**Регулаторната комисија за енергетика не се согласува со оваа констатација на Овластениот државен ревизор.** Регулаторната комисија за енергетика укажува дека исплатата на ангажирање на вработени лица за изработка на стручни анализи со склучени договори преку Авторско Правно биро на Република Македонија како авторско дело е во согласност со член 12 и член 86 од Законот за авторско право и други сродни права.

- Овластениот државен ревизор во резимето констатира дека за одделни набавки на стоки и услуги не се спроведени постапки за јавни набавки.

*Одговор на констатацијата*

**Регулаторната комисија за енергетика не се согласува со оваа констатација на Овластениот државен ревизор.** Регулаторната комисија за енергетика укажува дека јавните набавки ги има спроведено согласно член 100 од Законот за јавни набавки и согласно Планот за јавни набавки кој е доставен до Бирото за јавни набавки, при што на спроведените постапки немаме забелешки од страна на Бирото за јавни набавки.

### 4.1 Интерни контроли

### 4.1.1 Финансиско управување и контрола

Овластениот државен ревизор констатира дека Регулаторната комисија за енергетика нема воспоставена внатрешна финансиска контрола, не е донесена пишана процедура за текот на движење и начинот на финансиска контрола на документацијата, согласно ЗЈВФК, дека со правилникот за организација и систематизација на работните места во РКЕ не е предвидено работно место – внатрешен ревизор, а во изминатиот период и покрај доставените барања до Собранието на РМ, Министерство за финансии, Министерство за правда, во текот на 2010 година, за потребата од склучување на договор за ангажирање на внатрешна ревизија од друга надлежна институција, се уште не е реализирано.

Препораката на Овластениот државен ревизор е Регулаторната комисија за енергетика да преземе активности за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места, во секторот за административни, финансиски и општи работи, во поглед на поделба на надлежностите по лица за одобрување, извршување, сметководство и контрола, да донесе процедури и постапки во финансиското работење и да се обезбеди внатрешен ревизор

*Одговор на наодот и препораката од Овластениот државен ревизор*

Во член 4 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, на кој се повикува Овластениот државен ревизор, финансиското управување и контрола се воспоставува кај буџетските корисници од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, општините и градот Скопје. Соодветно на ова, Регулаторната комисија за енергетика смета дека не е обврзана да ја организира внатрешната финансиска контрола согласно овој Закон.

И покрај тоа, Регулаторната комисија за енергетика со цел постапување по Вашата препорака, со допис се обрати до Министерството за финансии и до Собранието на Република Македонија. Со овој допис од надлежните институции се бара мислење дали одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола се однесуваат и на

Регулаторната комисија за енергетика. На истите дописи се уште немаме добиено одговор од надлежните институции.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

#### 4.2.1 Усогласеност на општите акти

Овластениот државен ревизор констатира дека Регулаторната комисија за енергетика нема донесено дел од општите акти кои се предвидени со Статутот согласно новиот Закон за енергетика.

Препораката на Овластениот државен ревизор е Регулаторната комисија за енергетика да ги изготви и донесе актите кои произлегуваат како обврска од Законот за енергетика и Статутот.

*Одговор на наодот и препораката од Овластениот државен ревизор*

Регулаторната комисија за енергетика веќе постапува по оваа препорака. Дел од општите акти се во завршна фаза на донесување, а дел се во фаза на изготвување и се предвидува да бидат донесени во најкус можен рок, секако имајќи ги во предвид целокупните активности на Регулаторната комисија за енергетика. Согласно Вашите наоди и препорака сакаме да Ви укажеме дека Деловникот за работа, Правилникот за работни односи и Правилникот за канцелариско и архивско работење на Регулаторната комисија за енергетика се ревидирани и усогласени со новиот Закон за енергетика како и новиот Статут на Регулаторната комисија за енергетика.

Етичкиот кодекс за правата и обврските на членовите и вработените во стручните служби, како и Правилникот за користење на службени и сопствени возила за службени потреби се изработени во нацрт верзија и доставени до членовите на Регулаторната комисија за енергетика на одобрување. Правилникот за финансиско работење и сметководство и Правилникот за податоци и документи кои се сметаат за деловна тајна, како и за постапките и мерките за нивно користење и чување се во тек на нивно изготвување.

#### 4.2.2 Усогласеност на Правилникот за плата, надоместок на плата и други материјални права на вработените во РКЕ

Овластениот државен ревизор со извршениот увид во интерните акти (правилници за плати, надоместок на плати и други материјални права на вработените во Регулаторната комисија за енергетика, одлука за вредност на бод) врз основа на кои се врши пресметка на плати на вработените во 2012 година, констатира недоследности.

Препораката на Овластениот државен ревизор е Регулаторната комисија за енергетика да донесе Одлука за вредност на бод во бруто износ, согласно новиот концепт на бруто плата и да изврши промена на актите на вработените како и да ги укине додатоците во правилникот за плати кои не се предвидени во Законот за работни односи.

*Одговор на наодите и препораките од Овластениот државен ревизор*

Регулаторната комисија за енергетика веќе пристапи кон носење на Одлука за вредност на бод во бруто износ како и за измена на Правилникот за плата, надоместок на плата и други материјални права на вработените во Регулаторната комисија за енергетика, за да може да се изврши промена на актите на вработените.

### 4.2.3 Соодветна и комплетна евиденција за издадените лиценци

Овластениот државен ревизор констатира дека Регулаторната комисија за енергетика нема воспоставено соодветна и комплетна евиденција за издадените лиценци со сите промени кои што се настанати во врска со издадените лиценци за кој е потребно да се води образец со сите релевантни податоци, во секторите за техничко- енергетски работи за различните области на енергетски дејности (електрична енергија, природен гас, течни горива, топлинска и геотермална енергија), а во врска со член 57 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Препораките на Овластениот државен ревизор се да се воведе евиденција (образец со податоци наведени во прилог 4 кон Правилникот) на субјектите – носители на лиценци со внесување на сите податоци во самите лиценци, обврските кои произлегуваат од самите лиценци и промените кои настануваат по издавањето на лиценците и да се изработи база на податоци за сите носители на лиценци преку воведување на компјутерски програм – софтвер за лиценци

*Одговор на наодот и препораките од Овластениот државен ревизор*

Констатацијата дека Регулаторната комисија за енергетика нема воспоставено соодветна и комплетна евиденција за издадените лиценци не е точна.

Имено, на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика, во делот за лиценци, има евиденција на издадените лиценци и можност за пребарување по дејност, тип, статус и име на компанијата носител на лиценца како и комплетната содржина во pdf формат на издадената одлука и лиценца. На веб страната се врши континуирано ажурирање на податоците.

Во секторот за електрична енергија и секторот за природен гас, топлинска енергија, нафта и нафтени деривати исто така се води интерна евиденција на постапките за лиценци за вршење на енергетски дејности во вид и начин наведен во Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Постапката за воведување на нов компјутерски програм - софтвер за лиценци кој ќе биде замена на веќе постојниот е во завршна фаза на реализација и во следните неколку месеци следи неговата имплементација. Напоменуваме дека за оваа постапка беа информирани ревизорите во текот на вршењето на ревизијата, на кои им беше дадена на увид и целокупната евиденција (во печатена и во excel табели) на лиценцираните субјекти и не е јасно зошто тоа не е земено во предвид.

### 4.2.4 Следење и контрола на исполнување на обврските по лиценците

Овластениот државен ревизор констатира дека во Регулаторната комисија за енергетика недоволно и нецелосно се врши следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Препораката на Овластениот државен ревизор е Регулаторната комисија за енергетика да преземе мерки и активности за целосно следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и други обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

*Одговор на наодот и препораката од Овластениот државен ревизор*

Регулаторната комисија за енергетика врши постојано и детално следење и контрола на исполнувањето на обврските по лиценците. На ревизорите во текот на ревизијата им беа презентирани докази - доставени месечни извештаи, квартални извештаи,

годишни сметки, известувања за настанати промени од страна на носителите на лиценци, кои се обработуваат во Регулаторната комисија за енергетика и се имаат во предвид при сите постапки за регулирање на цени. Ревизорите препорачуваат "да се преземат мерки и активности **за целосно** следење и контрола..." што значи дека ревизорите од презентираната документација увиделе дека се води евиденција, следење и контрола на субјектите носители на лиценци но според нив таа не е "целосна".

Во Регулаторната комисија за енергетика е во тек развој на нов мониторинг систем односно развој на софтер и дефинирање на форматот на извештаите што носителите на лиценци ќе ги доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика како своја обврска дефинирана во лиценците што ќе овозможи автоматска обработка на овие податоци. Ова е неопходно со оглед на зголемениот број на носители на лиценци и огромен број на извештаи што постојано пристигнуваат до Регулаторната комисија за енергетика. Овој систем на мониторинг и следење на исполнувањето на обврските по лиценците е многу поусовршен од постојниот и ќе овозможи податоците автоматски да се анализираат, а акцентот е ставен на анализа на податоците од носителите на лиценци за вршење на одделни регулирани енергетски дејности што впрочем и го налага Законот за енергетика со посебни одредби во однос на овие носители на лиценци односно енергетски дејности (член 6 од Законот за енергетика, „Сл. весник на РМ" бр. 16/11, 136/11, 79/13 и 164/13).

Воедно, Регулаторната комисија за енергетика, согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места, во својот план за работа за 2013 предвидува да го формира секторот за мониторинг на енергетски дејности, чија цел е да врши контрола на исполнувањето на обврските по лиценците. Ова значи дека препораката на Овластениот државен ревизор за преземање на мерки и активности за целосно следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и другите подзаконски акти донесени врз основа на овој закон, веќе е во тек на реализација.

### 4.2.5 Вршење на попис

Овластениот државен ревизор констатира дека во Регулаторната комисија за енергетика не е извршен попис и усогласување на состојбите на начин и постапки пропишани во Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот.

Препораката на Овластениот државен ревизор е Регулаторната комисија за енергетика да преземе мерки и активности за квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и обврските согласно законските прописи.

*Одговор на наодот и препораката од Овластениот државен ревизор*

Регулаторната комисија за енергетика, веќе презеде активности за реализација на оваа препорака односно изврши вонреден попис со цел усогласување на сметководствената и фактичката состојба согласно постапките пропишани во Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските, а на ист начин ќе биде извршен и пописот за 2013 година.

По извршениот вонреден попис за 2012 година, извршено е и усогласување на фактичката со сметководствената состојба и при тоа не се констатирани разлики и нема влијание врз објективноста и реалноста на искажаните состојби во трговските книги и Финансиските извештаи за 2012 година.

## 4.3 Финансиски извештаи
### 4.3.1 Биланс на успех фактурирање на приходи

Овластениот државен ревизор констатира дека приходот во сметководствената евиденција на Регулаторната комисија за енергетика е на база на доставени податоци за остварен приход на лиценцираните субјекти за 2011 година, од Централниот регистар на РМ. Податоците добиени од Централен регистар на РМ може да се користат само со дополнителна контрола и споредба со податоците со кои располага РКЕ.

Препораките на Овластениот државен ревизор се да се воведе помошна евиденција со податоци за носителите на лиценци (софтвер на издадени лиценци), да се врши споредба и усогласување на податоците за остварен вкупен приход на носителите на лиценци добиени од Централен регистар на РМ со податоците од годишните сметки кои носителите на лиценци имаат обврска да ги доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика, да се врши дополнителна анализа и проверка на субјектите – носители на лиценци кои не доставиле годишни сметки во Централен регистар на РМ, како и за податоците за искажан приход на мал износ или нула во годишните сметки и да се донесе постапка и процедура за начинот на фактурирање на надоместокот, начин на наплата, начин на обезбедување, преземање на мерки во случај на ненаплатени побарувања (опомени, тужби) и сл.

*Одговор на наодот и препораката од Овластениот државен ревизор*

Регулаторната комисија за енергетика во однос на констатацијата дека податоците добиени од Централен регистар на РМ може да се користат само со дополнителна контрола и споредба со податоците со кои располага Регулаторната комисија за енергетика, напоменува дека ова прашање е дефинирано со одредба во Законот за енергетика (Службен весник, 16/11, 136/11, 79/13 и 164/13). Во член 34, став 4 е наведено дека „Годишниот надоместок од ставот (1) на овој член се пресметува врз основа на процентот од ставот (3) на овој член утврден од страна на Собранието на Република Македонија и вкупниот приход на носителите на лиценци **според податоци од Централниот регистар на Република Македонија**, остварен во годината што и претходи на годината во која се доставува предлог-финансискиот план“. Според тоа основа за пресметка на надоместокот кој треба да се плати на Регулаторната комисија за енергетика од страна на носителите на лиценци, се податоците добиени од Централниот регистар на РМ, **кои се официјални**.

Регулаторната комисија за енергетика располага со евиденција (како што е наведено во извештајот на ревизијата - помошна) за носителите на лиценци, за нивните приходи и расходи, средствата и капиталот со кој располагаат. Регулаторната комисија за енергетика доставува барање до Централен регистар на РМ за носителите на лиценци врз основа на евиденцијата што ја има и со која располага. Централниот регистар на РМ не располага со евиденција на субјектите носители на лиценци за вршење на енергетски дејности. На ревизорите им беше презентирана сета коресподенција што Регулаторната комисија за енергетика ја има со Централниот регистар на РМ.

Во однос на препораките за вршење на споредба на податоците и дополнителна анализа повторуваме (точка 4.2.3 и 4.2.4) дека Регулаторната комисија за енергетика постојано врши следење на податоците за субјектите носители на лиценци и врши нивно анализирање заради регулирање на цените, меѓутоа основа за фактурирање на

надоместокот, кој е јасно кажан во Законот за енергетика, се податоците добиени од Централен регистар на РМ.

Во однос на препораката за донесување на постапка и процедура за начинот на фактурирање на надоместокот, начин на наплата, начин на обезбедување, преземање на мерки во случај на ненаплатени побарувања (опомени, тужби) и слично, Ве информираме дека Регулаторната комисија за енергетика по однос на фактурирање на надоместокот и начинот на наплата постапува согласно Законот за енергетика, а по однос на начинот на обезбедување и во случај на ненаплатени побарувања постапува согласно Законот за облигационите односи, Законот за извршување и Законот за парнична постапка.

Регулаторната комисија за енергетика и покрај тоа пристапи кон реализирање на препораката, односно донесување на Правилник за финансиско - сметководствено работење во кој ќе биде вклучена и постапката и процедурата за начинот на фактурирање на надоместокот, начин на наплата, начин на обезбедување, преземање на мерки во случај на ненаплатени побарувања.

Видно од извештајот на Овластениот државен ревизор при извршената ревизија не е нотирана забелешка дека има ненаплатени побарувања за кои се пропуштени рокови за утужувања, односно се постапувало согласно важечките законски прописи.

### 4.3.2 Не издадена лиценца на домашно правно лице кое врши енергетска дејност и издадена лиценца на странско правно лице

Овластениот државен ревизор констатира дека на домашно правно лице кое врши енергетска дејност од јавен интерес - снабдување со топлинска енергија со години наназад, не му е издадена лиценца од Регулаторната комисија за енергетика , поради неисполнување на условите, согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, но и дека на странско правно лице кое има основано подружница во РМ издадена му е лиценца за вршење на енергетска дејност – транспорт на сурова нафта или нафтени деривати преку нафтоводи, односно продуктоводи, без да се врши пресметка на годишен надомест за 2012 година на база на остварен приход во 2011 година.

Препораките на Овластениот државен ревизор се: преиспитување на постапката за издавање на лиценца во услови на вршење на енергетска дејност од јавен интерес од домашно правно лице, заради редовно и навремено пресметување на годишен надоместок од остварените приходи од вршење на енергетска дејност и кај носителот на лиценца да се пресметува редовно и навремено годишен надоместок од остварениот приход од вршењето на енергетска дејност

*Одговор на наодот и препораката од Овластениот државен ревизор*

Во врска со препораката на ревизорот дека на домашно правно лице кое врши енергетска дејност од јавен интерес – снабдување со топлинска енергија не му се издадени лиценци за вршење на енергетските дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, Ве информираме дека согласно претходниот Закон за енергетика („Сл. Весник на РМ" бр. 63/06, 36/07 и 106/08), обврска за плаќање на годишен надоместок имаа сите субјекти кои вршат енергетска дејност, додека со новиот Закон за енергетика обврска за плаќање на годишен надоместок имаат сите субјекти носители на лиценци за вршење на енергетски дејности.

На правното лице кое врши јавна дејност производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија секоја година му се определува регулиран максимален приход и цена заради обезбедување на сигурност во снабдувањето со топлинска енергија.

Ревизорот во нацрт извештајот треба да ги има во предвид и последиците кои би настанале во сигурноста на снабдувањето со топлинска енергија како и со другите видови на енергии на овој дел од територијата на Скопје, доколку претпријатието кое врши **јавна дејност снадување со топлинска енергија** би останало нерегулирано. Во тој случај правното лице ќе нема обврска да ги почитува правилниците кои ги носи или одобрува Регулаторната комисија за енергетика со кои се уредува и организира пазарот на топлинска енергија, со далекусежни негативни последици.

Регулаторната комисија за енергетика презеде активности за реализација на препораката и достави допис до правното лице со кој бара од правното лице да ја обезбеди и достави потребната документација (меѓу кои и доказ за сопственост или договор за закуп на основните средства) за добивање на лиценца за вршење на енергетските дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Во однос на препораката на странско правно лице кое има основано подружница во РМ и кое е носител на лиценца за вршење на енергетска дејност - транспорт на сурова нафта или нафтени деривати преку нафтоводи, односно продуктоводи, Регулаторната комисија за енергетика редовно и навремено да пресметува годишен надоместок од остварениот приход од вршење на енергетска дејност, Регулаторната комисија за енергетика уште еднаш го цитира член 34 од Законот за енергетика (Службен весник, на РМ бр.16/11, 136/11, 79/13 и 164/13) во врска со финансирањето на работењето на Регулаторната комисија за енергетика:

(1) Работењето на Регулаторната комисија за енергетика се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку наплата на надоместок за издавање на лиценци и преку наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за енергетски дејности.
Регулаторната комисија за енергетика секоја година најдоцна до 1 октомври до Собранието на Република Македонија поднесува за усвојување предлог-финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за следната календарска година. Во предлог-финансискиотплан се содржани сите планирани приходи и трошоцина Регулаторната комисија за енергетика, вклучувајќи гии платите на членовите и на вработените на Регулаторната комисија за енергетика, како и надоместоците за членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици.

(2) Собранието на Република Македонија го усвојува предлог-финансискиот план и со одлука го утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци. Процентот на зафаќање од вкупниот приход не може да биде повисок од 0,1%.

(3) Годишниот надоместок од ставот (1) на овој член се пресметува врз основа на процентот од ставот (3) на овој член утврден од страна на Собранието на Република Македонија и вкупниот приход на носителите на лиценци според податоци од Централниот регистар на Република Македонија, остварен во годината што и претходи на годината во која се доставува предлог-финансискиот план.

(4) Носителите на лиценци го уплаќаат годишниот надоместок од ставот (1) на овој член на сметката на Регулаторната комисија за енергетика во два еднакви дела и тоа првиот дел најдоцна до 30 април, а вториот дел најдоцна до 30 септември, во годината за која се однесува финансискиот план од ставот (3) на овој член.

(5) Доколку во една календарска година остварените приходи на Регулаторната комисија за енергетика се поголеми од реализираните расходи, за износот на разликата ќе се намалат планираните приходи во следниот предлог- финансиски план.

Регулаторната комисија за енергетика, како што е наведено и во самиот Нацрт извештај, на 19.04.2012 има доставено барање до Централниот регистар на РМ за добивање податоци за вкупните приходи на субјектите кои што се носители на лиценца за вршење енергетскта дејност, при што во барањето е внесен и овој субјект. Во одговорот од Централниот Регистар од 7.05.2012 година, во колоната за остварен вкупен приход на конкретниот субјект за 2011 година е искажан податок "нула".

Оттука, со оглед на тоа што во ставот (4) од член 34 од Законот за енергетика е јасно наведено дека "Годишниот надоместок од ставот (1) на овој член се пресметува врз основа на процентот од ставот (3) на овој член утврден од страна на Собранието на Република Македонија и вкупниот приход на носителите на лиценци **според податоци од Централниот регистар на Република Македонија**, остварен во годината што и претходи на годината во која се доставува предлог-финансискиот план", **Регулаторната комисија за енергетика нема друг правен основ освен горенаведениот, при пресметката на надоместокот за вршење на енергетска дејност да се повикува на било кој друг податок во врска со вкупниот приход на субјектот кој е носител на лиценца, освен на податокот што е објавен од страна на Централниот регистар на Република Македонија**.

Регулаторната комисија за енергетика располага со податоци за Годишниот извештај за работењето на основачот на подружницата, во кој е содржан и податокот за остварен приход во 2011 година во евра, но тоа е вкупен приход на странско лице со седиште во странска држава и Регулаторната комисија за енергетика нема правен основ за пресметување на надоместок на странско правно лице со седиште во странска држава за вршење на енергетска дејност.

### 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

#### 4.4.1 Исплата на плата за работна успешност

Овластениот државен ревизор констатира дека е донесена Одлука за исплата на плата за работна успешност за 2012 година во полн износ, која не е восгласност со Законот за енергетика и Правилникот за плати, надоместок на плати и други материјални права на вработените во Регулаторната комисија за енергетика и има ефект на ненаменска и незаконска исплата на средства.

Препораката на Овластениот државен ревизор е во наредниот период при исплата за работна успешност, да се применуваат одредбите пропишани со Правилникот за плати, надоместок на плати и други материјални права на вработените во Регулаторната комисија за енергетика.

*Одговор на наодот и препораката од Овластениот државен ревизор*

Регулаторната комисија за енергетика Ве информира дека во иднина ќе постапува согласно препораката на Државниот завод за ревизија, Законот за работни односи и Правилникот за плати, надоместок на плати и други материјални права на вработените во Регулаторната комисија за енергетика.

Регулаторната комисија за енергетика напоменува дека средствата се во рамките на предвидените средства во финансискиот план и не претставуваат ненаменско и незаконско трошење на средства.

#### 4.4.2 Исплата на авторски хонорари

Овластениот државен ревизор констатира дека исплатата на авторски хонорари на вработени не е во согласност со член 12 и член 86 од Законот за авторско право и сродните права и има ефект за ненаменска и незаконска исплата на средства.

Препораката на Овластениот државен ревизор е во наредниот период при исплата на авторски хонорари, Регулаторната комисија за енергетика целосно да ги почитува одредбите од Законот за авторско право и други сродни права.

*Одговор на наодот и препораката од Овластениот државен ревизор*

Констатацијата на Овластениот државен ревизор дека исплатата на авторски хонорари на вработени не е во согласност со член 12 од Законот за авторско право и други сродни права, не е точна. Имено, укажуваме дека исплатата на ангажирање на вработени лица за изработка на стручни анализи со склучени договори преку Авторско Правно биро на Република Македонија како авторско дело е во согласност со член 86 од Законот за авторско право и други сродни права. Овие авторски дела се во согласност со член 12, став 2, точка 1 од Законот за авторско право и други сродни права, каде стои дека за авторско дело се сметаат особено пишаните дела (книга, напис, статија, брошура, прирачник, расправа и други дела од иста природа). Со оглед на тоа што овие пишани дела, изработени од вработените во Регулаторната комисија за енергетика, имаат карактер на авторско дело од работен однос и се користат за потребите на работодавецот (Регулаторната комисија за енергетика) сметаме дека истите не се во спротивност со одредбите од член 12 и член 86 од Законот за авторско право и други сродни права. Средствата за оваа намена се во согласност со одобрените финански планови.

### 4.4.3 Јавни набавки

Овластениот државен ревизор констатира дека непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки при набавките има за ефект непостоење на конкуренција, нетранспарентност и нееднаков третман на економските оператори што може да доведе до неефикасно и нерационално искористување на средствата на друштвото

Препораките на Овластениот државен ревизор се Регулаторната комисија за енергетика, во својство на договорен орган, да ги спроведува постапките за јавна набавка на стоки, услуги и работи предвидени со годишниот план за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки и при донесувањето на планот за јавни набавки да врши проценка на вредноста за потребата од набавка на стоки, услуги или работи врз основа на анализа и податоци, усогласени со потребите за периодот за кој се однесува, заради планирање и спроведување на соодветни постапки за јавна набавка.

*Одговор на наодот и препораката од Овластениот државен ревизор*

Констатацијата на Овластениот државен ревизор во однос на јавните набавки е неточна и претставува субјективно толкување на Законот за јавни набавки, како и на постапките за јавни набавки. Согласно член 64 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр.136/2007, 130/2008, 97/10, 53/11, 185/11, 24/12, 15/13 и 148/13), отворена постапка за јавна набавка се применува за јавни набавки чија проценета вредност е над 20.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ. Јавните набавки на информатичка технологија и опрема во Регулаторната комисија за енергетика се со помала проценета вредност од претходно наведената и затоа е применета Постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 од Законот за јавни набавки. Констатацијата на Овластениот државен ревизор дека јавната набавки на информатичка технологија и опрема е поделена на повеќе помали јавни набавки наместо да се спроведе отворена постапка за јавна набавка не е точна од следните причини:

Регулаторната комисија за енергетика наведените јавни набавки за набавка на информатичка технологија и опрема, ги има спроведено како поединечни набавки согласно член 100 од Законот за јавни набавки, бидејќи вредноста на речиси секој дел од информатичката технологија и опрема е поголема од 500 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ. Секоја постапка е во согласност со Планот за јавни набавки доставен до Бирото за јавни набавки и во однос на спроведените постапки нема забелешки.

Начинот и динамиката на набавка е согласно потребите на Регулаторната комисија наведени во Планот за јавни набавки.

Регулаторната комисија за енергетика во однос на препораката да се направи јавна набавка на услуги за привремени вработувања, Ви укажува дека ќе постапи по истата.

За адвокатските услуги реализирана е јавна набавка за 2013 година и на 08.07.2013 година е склучен Договор за адвокатски услуги кој беше доставен на увид на ревизорите.

## 5. Ревизорско мислење

**Регулаторната комисија за енергетика не се согласува со ставот на Овластениот државен ревизор за не изразување мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Регулаторната комисија за енергетика за 2012 година, поради неможност за обезбедување на соодветни ревизорски докази, бидејќи истите беа презентирани и достапни во текот на вршењето на ревизијата.**

**Регулаторната комисија за енергетика не се согласува со ставот на Овластениот државен ревизор за изразеното негативно мислење за прашањата во врска со активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, поради неусогласеност со релевантаната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Воедно Регулаторната комисија за енергетика смета дека толкувањето на законската регулатива од страна на Овластениот државен ревизор е субјективно.**

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**

**Прилог број 2**

**Одговор**
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Претседателот на Регулаторна комисија за енергетика (РКЕ) на ден 25.12.2013 година достави забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година, број 03-1956/2, заведени во Државниот завод за ревизија, под број 17-251/5.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. На упатените забелешки на **Резимето**, ревизијата ќе се произнесе по поединечните забелешки по наодите во натамошниот текст од одговорот на забелешките со оглед на тоа дека истото претставува резултат на констатираните состојби во Нацрт извештајот.

2. Забелешката на наодот во **точка 4.1.1** од Нацрт извештајот, која се однесува на тоа дека во РКЕ не е воспоставено и не се спроведува финансиското управување и контрола врз основа на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, **не се прифаќа**. Согласно член 3 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, во субјекти од јавниот сектор влегуваат и институциите основани со закон, во кои влегува и РКЕ, а согласно член 13 став 2 од истиот, донесени се Стандардите за внатрешна контрола на јавниот сектор, кои претставуваат основа за соодветно воспоставување на системот на интерни контроли кај субјектите од јавниот сектор со цел квалитетно извршување на надлежноста од областа на финансиското управување и контрола.

3. Забелешката на наодот во **точка 4.2.1** од Нацрт извештајот, која се однесува на недонесени акти кои произлегуваат како обврска од Законот за енергетика и Статутот претставува **известување** за преземени активности за постапување по препораките дадени од овластениот државен ревизор со тоа што дел од актите се во фаза на донесување, а дел се во фаза на изготвување.

4. Забелешката на наодот во **точка 4.2.2** од Нацрт извештајот, која се однесува на недонесена Одлука за вредност на бодот во бруто износ, согласно новиот концепт на бруто плата, како и исплата на додатоци на вработените кои не се предвидени во Законот за работни односи, претставува **известување** за преземени активности за постапување по препораките дадени од овластениот државен ревизор кои се во тек.

5. Забелешките на наодот во **точка 4.2.3** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на невоспоставена соодветна и комплетна евиденција за издадените лиценци со сите промени кои што се настанати во врска со истите, како и некомплетни податоци објавени на веб страната **не се прифаќаат,** од причина што не се доставени нови докази за промена на состојбата во наодот. Од друга страна, РКЕ со воведување на нов компјутерски програм – софтвер за лиценци, кој ќе биде замена за веќе постојниот, `не известува за постапување по препораката.

6. Забелешките на наодот **во точка 4.2.4** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на недоволно и нецелосно следење и контрола на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од Законот за енергетика и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, претставуваат **известување** за започнати активности за развој на нов мониторинг систем односно развој на софтвер и дефинирање на форматот на извештаите што носителите на лиценци ќе ги доставуват до РКЕ со што ќе се овозможи автоматска обработка на овие податоци. Исто така, РКЕ планира во текот на 2013 година да го формира секторот за мониторинг на енергетски дејности чија цел е да врши контрола на исполнување на обврските по лиценците со што известува дека ќе постапи по препораката.

7. Забелешките на наодот **во точка 4.2.5** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на неизвршениот попис и усогласување на состојбите на начин и постапки пропишани во Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, претставуваат **известување** за започнати активности по препораката во Нацрт извештајот односно РКЕ `не известува дека по добивањето на извештајот направен е вонреден попис, а со редовната финансиска ревизија ќе биде контролирано и утврдено дали пописот е извршен согласно законските прописи.

8. Забелешките на наодот во **точка 4.3.1** од Нацрт извештајот, кој се однесува на приходот остварен по основ на пресметан годишен надоместок од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности, согласно член 34 став 3 и 4 од Законот за енергетика и Одлуката за стапката на надоместок за финансирање на работењето на РКЕ за 2012, која изнесува 0,041% од вкупниот приход, **не се прифаќа**. Во забелешките дадени се образложенија од субјектот за начинот и постапката на прибирање на податоци од Централниот регистар на РМ, кои што ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата. Во самиот наод, во неколку алинеи, објаснети се причините поради кои е потребно да се врши дополнителна контрола и споредба со податоците со кои располага РКЕ, преку обврската на носителите на лиценци да доставуваат годишни извештаи за финансиско и деловно работење. Во однос на донесување на Правилник за финансиско – сметководствено работење, во кој ќе биде вклучена постапката и процедурата за начинот на фактурирање на надоместокот, начин на наплата, начин на обезбедување, преземање на мерки во случај на ненаплатени побарувања, претставува постапување по дадената препорака во иднина.

9. За забелешките на наодот во **точка 4.3.2** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на неиздадена лиценца за вршење на енергетска дејност од јавен интерес од домашно правно лице, како и непресметан годишен надоместок од остварениот приход од вршењето на енергетска дејност кај носител на лиценца, овластениот државен ревизор се произнесе како што следува:

    - На констатацијата во **алинеја 1,** не е дадена забелешка односно субјектот ја прифаќа препораката со тоа што презема активности за реализација на истата со **известување** дека е испратен допис до правното лице кое врши енергетска дејност од јавен интерес – снабдување со топлинска енергија за да ја обезбеди потребната документација за добивање на лиценца.

    - Забелешката на **алинеја 2** која се однесува на непресметан годишен надоместок од остварениот приход од вршењето на енергетска дејност кај носител на лиценца – странско правно лице кое има основано подружница во РМ, **не се прифаќа**, поради тоа што со дадената забелешка се дава образложение за начинот на пресметка на надоместокот согласно Законот за енергетика. Основен услов за

пресметка на надоместокот е остварен вкупен приход од вршење на енергетска дејност, за кое што на субјектот му се издава лиценца со што истиот станува носител на лиценца и има обврска да плаќа годишен надоместок. Податоците доставени од Централниот регистар на РМ за остварен приход на носителите на лиценци според годишните сметки не го даваат правниот основ за пресметка и плаќање на годишниот надоместок по процент за зафаќање од вкупниот приход утврден со Одлука од Собранието на РМ.

10. На наодот во **точката 4.4.1** од Нацрт извештајот, кој се однесува на извршена исплата на плата за работна успешност на сите вработени во полн износ на начин кој не е во согласност со Правилникот за плати, надоместок на плати и други матреијални права на вработените во РКЕ претставува **известување** дека во наредниот период ќе постапува согласно препораката.

11. Забелешката на наодот во **точката 4.4.2** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на исплата на надоместоци за авторски хонорари на вработените, ангажирани во својство на експерти, за изработка на стручни анализи, за што склучува договори преку Авторско правно биро на РМ, **не се прифаќаат**, од причина што извршена е исплата на надоместоци на вработените за изработка на правилници, тарифни системи, методологии, правила за снабдување со одделни видови на енергенси, мрежни правила за дистрибуција, и сл, кои произлегуваат од исполнување на нивните работни обврски. Ваквите изработени текстови немаат третман на авторски дела поради што за истото неможе да се применат одредбите од член 85 и 86 од Законот за авторско право и сродните права.

12. Забелешките на наодот во **точка 4.4.3** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на неспроведена постапка за јавна набавка за привремени вработувања и извршена набавка на информатичка опрема (персонални компјутери, монитори, лап топи, ПС таблети) со делење на набавката со спроведени поединечни постапки за јавна набавка со проценета вредност до 5.000 евра, наместо да се спроведе отворена постапка, **не се прифаќаат**, од причина што во забелешките дадени се образложенија од субјектот кои не влијаат на промена на состојбите во наодот.

13. Забелешката на **точка 5.** од Нацрт извештајот, кој се однесува на искажаното ревизорско мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на РКЕ за 2012 година, како и за усогласеноста со релевантна законска регулатива, упатства и воспоставени политики, **не се прифаќа,** од причина што мислењето е резултат на констатираните наоди во ревизорскиот извештај од Нацрт извештајот, согласно Законот за државна ревизија, стандардите на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) пропишани за примена во Република Македонија, Методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија.